Истражување: Потреби на Младите на локално ниво

# Младински локални банки



Младински
локални
банки

ЕУ со ТЕБЕ

Ко-финансирано од
Европска Унија

**Издавач:**
Здружение на граѓани Младите можат

**За издавачот:**
Анита Николовска
Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

**Автор:**
Милош Јованов

**Дизајн:**
Дамјан Лозановски

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Ставовите и коментарите изразени во истата, се одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на Европската Унија.

# Содржина


**Вовед** 4

За Здружение на граѓани Младите можат 6

Области во кои работиме 6

Зошто постоиме? 6

Во што веруваме? 6

Зошто младинско учество? 7

Цел и методологија на истражувањето 8

**Општина Струмица** 9

Волонтирање и граѓански активизам 10

Предизвици во општината 20

Младински политики и застапување 28

Предизвици на младите 34

Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 39

Демографски податоци за истражувањето 42

**Општина Велес** 44

Волонтирање и граѓански активизам 45

Предизвици во општината 55

Младински политики и застапување 63

Предизвици на младите 68

Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади 73

Демографски податоци за истражувањето 76

# Вовед

Поттикнати од секојдневната работа со млади луѓе кои живеат, студираат и работат во нашата држава и потребата од зголемување на бројот на организации и неформални активности, одлучивме овој проект да го спроведеме на локално ниво во општините Велес, Кочани и Струмица. Целта на истражувањето е преку квантитативна и квалитативна анализа да се идентификуваат потребите и предизвиците кои младите луѓе ги имаат во општините Велес, Кочани и Струмица. Добиените резултати од истражувањето, односно идентификуваните потреби и предизвици ќе послужат за планирање и имплементација на тримесечни локални младински иницијативи за застапување. Овие иницијативи ќе овозможат подобрување на младинските предизвици на локално ниво, зајакнување на капацитетите на младите за вклучување во процесите на донесување на одлуки, како и зголемување на соработката помеѓу локалните власти, организации, училишта и останати чинители кои се значајни за младите луѓе.

**„Идентификувај — Инспирирај — Делувај“** – пристап кон младинските проблеми по кој Младите можат е позната и на основа на кој до сега се имплементирани голем број успешни проекти. Во текот на 2021г. Младите можат за прв пат го воведува концептот на Младински локални банки во три локални заедници во нашата земја, општините Карпош, Аеродром и Ѓорче Петров. Успешноста на првото издание на овој проект, не поттикна да продолжиме да го развиваме концептот и во други локални заедници, па така во 2022г. ја спроведовме програмата Младински локални банки и во општините Крива Паланка и Центар. Овој пристап директно опфаќа решавање на идентификуваниот проблем на овој проект. Преку овој пристап, младите започнаа да бидат активни во своите локални заедници, се запознаа со работата на локалните власти, генерираа решенија за предизвиците во своите заедници и придонесоа за нејзин развој. Преку програмата “Младински локални банки” во 2023 година се очекува да се воспостави систем кој ќе ги поддржува иницијативите на младите засновани на локалното младинско лидерство на поодржлив начин во општините Велес, Кочани и Струмица. Проектот има за цел да создаде механизам за соработка помеѓу локалните власти, младите и локалната бизнис заедница, што резултира со финансирање на младински проекти. Целиот процес за основање ќе трае во текот на 2023 година и за тоа време директно ќе им овозможи на 30 учесници да дејствуваат како креатори на промени во нивните заедници, во општините Велес, Кочани и Струмица. Со обезбедување пристап и видливост до секојдневното функционирање на локалната власт, младите кои ќе бидат вклучени ќе станат уште помотивирани, и ќе развиваат начини на размислување со доза на одговорност и отчетност кон заедницата. Проектот се очекува да биде пример за придонес кон локалните заедници со намера да продолжат да се развиваат и во други општини низ целата земја.

Младински банки се фондови предводени од младите кои обезбедуваат средства за поддршка на проекти креирани од млади луѓе кои се фокусираат на решавање на одреден проблем во локалната заедница. Преку банките за млади, младите се чувствуваат исполнето - ги реализираат своите идеи и потенцијал, ја подобруваат средината во која живеат. Младинските банки им помагаат на младите да развијат чувство на припадност кон заедницата во која живеат - тие се оние што преку свои иницијативи организираат паркови во нивните општини, градат игралишта, поставуваат клупи, садат дрвја, организираат обуки, спортски настани, улични фестивали и разни помали и поголеми настани. Младинските банки се иновативен модел и програма за создавање грантови кои овозможуваат финансирање на локални акции од неформални младински групи за промовирање на заедницата. Младите одлучуваат какви активности да поддржат, тие управуваат со моделот и младите имаат корист од спроведените проекти. Преку моделот на младински банки, се дели одговорноста и отчетноста, се донесуваат одлуки за распределување на ресурсите во рацете на младите кои делуваат филантропски, премостуваат поделби, преземаат лидерски улоги и на тој начин го поттикнуваат нивниот активистички дух.

**„Младински локални банки“**, е програма во рамки на проектот “All for You(th)!” кој Здружението на граѓани Младите можат го имплементира, а е финансиски поддржан од Европската комисија.

# За Здружение на граѓани Младите можат

**Младите можат** е здружение на граѓани формирано од млади за млади на 28 мај 2009 година. Во текот на 2023 г. одбележуваме 14 години постоење, повеќе од 10 000 млади вклучени директно во проекти, програми, настани и активности и над 100 активни членови кои секојдневно придонесуваат во растењето и успехот на организацијата а со тоа и во правење на позитивни промени за нашата младина и нашата заедница.

# Области во кои работиме

- Ментално здравје
- Кариерно советување
- Волонтирање и активизам

# Зошто постоиме?

Постоиме за да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека МОЖАТ самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

# Во што веруваме?

Веруваме дека младите луѓе можат да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам како моќни алатки за општествена промена можат да одговорат на своите потреби во заедницата.

# Зошто младинско учество?

Младите се фактор за промени, потенцијал за кој треба да се охрабрува и поддржува, пред се од нивните општества. Затоа, нивната улога во денешните општества е од големо значење за демократските процеси, па заради тоа нивното оспособување, развој и подготвеност се од клучно значење. Во Македонија младите сочинуваат речиси една четвртина од целото население, или поточно 480.828 жители од вкупно 2.022.547 на возраст од 15-29 години. [1]Во Република Северна Македонија не постои организиран и системски пристап во подршка на младинското учество, додека прашањата на младите се адресираат од различни институции на национално и локално ниво.

Воспоставните практики, непостоењето на претставнички тела, ниската запознаеност на младите со претставниците на претставничките тела во образовниот систем говорат за исклученост на младите од ваквите процеси, и причините кои водат кон незапознаеност и апатија. Меѓутоа, младите како група постојано се соочуваат со бројни предизвици, испреплетени меѓу неактивноста во заедницата, недостатокот на лична одговорност и етнички тензии.

Младинското учество го дефинира пред се односот помеѓу младите и институциите односно донесувачите на одлуки. Оттаму младинското учество подразбира вклучување на младите во процеси на носењето на одлуки кои се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање на идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите.

Меѓутоа активното учество самото по себе не подразбира само вклучување во одредена активност, туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина.

1 Официјален податок според Државен завод за статистика - www.stat.gov.mk

# Цел и методологија на истражувањето

Актуелната ситуација со младите на локално ниво, ја поттикна потребата да се добијат конкретни податоци за вклученоста на младите во процесите на донесување одлуки и нивното учество во општествените текови на локално ниво. Во таа насока, Здружение на граѓани Младите можат спроведе истражување во општините Струмица и Велес во периодот февруари – март 2023, користејќи два пристапи:

1. **Квалитативен пристап преку спроведување на фокус групи**
2. **Квантитативен пристап преку спроведување на онлајн анкети**

Преку квалитативниот пристап беа спроведени вкупно 2 фокус групи, по една во општините Струмица и Велес. Фокус групите беа одржани онлајн преку апликацијата Zoom.

Вкупно 9 млади, жители на општината Струмица учествуваа фокус групата, од кои 5 се мажи, а 4 жени.

Во одржаната фокус група во општината Велес, учествуваат вкупно 7 млади, од кои 4 се мажи, а 3 жени.

Преку квалитативниот пристап од вкупниот број млади луѓе во **општина Струмица,** на возраст од 15 до 29 години кој изнесува 10 186, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од општината. Статистичката грешка на испитаниците во сите општини е +/- 7% со ниво на доверба 95%. Со онлајн истражување во општината Струмица се опфатија вкупно 170 испитаници, од кои 82 (48.2%) беа мажи и 88 (51.8%) беа жени. Во **општината Велес,** од вкупниот број на млади луѓе кој изнесува 9 107, беше дизајниран примерок според застапеност на млади луѓе од општината. Со онлајн истражување во општината Велес се опфатија вкупно 168 испитаник, од кои 83 (49.4%) беа мажи и 85 (50.6%) беа жени.

Анализата на спроведеното истражување ги сумира резултатите од квалитативната анализа (фокус групи) и квантитативната анализа (онлајн истражување) во двете општини, во 5 области и тоа:

1. **Волонтирање и граѓански активизам**
2. **Предизвици во општината**
3. **Младински политики и застапување**
4. **Предизвици на младите**
5. **Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади**

# Општина Струмица

# Волонтирање и граѓански активизам



## Квалитативна анализа

Младите учесници на фокус групата, најпрво дискутираа околу нивната вклученост во процесот на волонтирање, нивните почетоци како и евентуалните придобивки од волонтерството. Сите учесници досега имаа волонтирано. Најголемиот дел од нив се вклучиле во овој процес преку граѓанските организации. Исто така речиси сите учесници се вклучиле во овој процес додека биле во средно училиште. Најчесто спомнувани организации во кои волонтирале се Новус и Центар за бизнис и иновации.

Главни причини кои ги мотивитале младите да се вклучат се стекнување на нови пријателства и стекнување на нови вештини. Што се однесува до можностите и информациите, речиси сите учесници се сложија дека постојано се нудат најразлични опции за вклучување на секој млад човек во процесот на волонтирање.

> Чувствував дека имам потреба, опциите ми беа понудени. Училиштата не соработуваат доволно, јас кога почнав да волонтирам класниот раководител ми предложи една обука. Неформалното учење е најголемата придобивка од волонтирањето, учам работи кои што не сум ги стекнал од системот

Машко, 18 години

## Квантитативна анализа

На локално ниво, според податоците добиени од телефонските анкети, околу една третина (31.2%) од испитаниците во моментов се вклучени во некоја организација или младински клуб. Помалку од половина од испитаниците (39.4%) никогаш досега не биле вклучени, а 29.4% во моментов не се, но некогаш порано биле вклучени во организација или клуб. (графикон 1)

*Дали моментално си или некогаш си бил/а вклучен/а во некоја организација или клуб?*




графикон 1

Вкрстените податоци на ова прашање покажуваат различен степен на вклученост на младите во некоја организација или клуб. Најголем процент од испитаниците на возраст 15-19 години (59.3%) во моментов се вклучени. 53.8% од испитаниците на возраст 20-24 години никогаш не биле вклучени, додека пак испитаниците од возрасната категорија 25-29 години во моментов не се, но порано биле вклучени. (45.3%) (графикон 1.2)




графикон 1.2

Испитаниците коишто во моментов не се вклучени/никогаш не биле вклучени во некоја организација или клуб беа запрашани кои се причините поради тоа. Најголем дел од испитаниците одговориле дека никогаш не помислиле на таа можност (17.9%). За разлика од нив 14.5% одговориле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Ист процент 14.5% од испитаниците во Струмица одговориле дека никако нема да им користи вклученоста. (графикон 2)

*Зошто не си дел од некоја организација/клуб?*




графикон 2

Понатаму, младите беа запрашани дали некогаш учествувале во волонтерска работа или активност. *Под волонтерска работа се подразбира доброволно давање услуги, знаења, вештини и/или вршење други активности во корист на други лица, организации, институции и сл. без надомест).

Нешто помалку од половина (48.2%) кажале дека некогаш имаат волонтирано, додека нешто повеќе од половина (51.8%) никогаш досега немаат волонтирано. (графикон 3)




графикон 3

Најголем дел од испитаниците коишто одговориле дека досега имаат волонтирано (24.4%) може да се забележи дека започнале бидејќи другар/ка им препорачале да се вклучат, потоа со 19.5% следуваат оние кои член од организација им предложил да се вклучат и 18.3% од испитаниците кои биле заинтересирани за областа во која волонтирале. (графикон 4)

*Како започна да волонтираш?*

графикон 4




Зборувајќи за причините коишто ги мотивираат младите да волонтираат, 18.8% одговориле дека сакаат да им помогнат на луѓето и да ги подобруваат работите, додека пак 15.9% од испитаниците како главна причина за волонтирање ја навеле шансата за да стекнат нови знаења/вештини. (графикон 5)

*Кои се причините што те мотивираат да волонтираш?*

графикон 5




28.8% од младите испитаници во Струмица сигурно е дека би волонтирале во заедницата доколку имаат можност и време, а речиси ист е процентот (32.9%) коишто веројатно би волонтирале. (графикон 6)

*Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?*




графикон 6

Запрашани во кои од наведените области би сакале да волонтираат, одговорите на испитаниците се поделени и различни. Сепак, 19.0% од испитаниците би волонтирале со деца/млади надвор од училиште, 15.2% би волонтирале во областа култура/уметност и 12.4% би волонтирале во областа на политиката. (графикон 7)

*Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?*

графикон 7




Низ призма на возрасните категории може да се забележи дека различните возрасни категории имаат различни преференции во однос на областите во кои волонтираат/би волонтирале. Па така, најмладите 15-19 години во најголема мера (26.8%) волонтираат/би сакале да волонтираат во областа култура/уметност. Со 22.2% застапеност, возрасната категорија 20-24 години волонтираат/би сакале да волонтираат во областа работа со деца/млади (надвор од училиште). Возрасната категорија 25-29 волонтираат/би волонтирале во областа политика.(25.0%) (графикон 7.2)

## Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?




графикон 7.2

Најголем дел од испитаниците (44.8%) би волонтирале во граѓанскиот сектор, потоа 30.5% би волонтирале во приватниот и 24.8% во државниот сектор. (графикон 8)




графикон 8

Интересно е да се напомене дека според одговорите, машките испитаници би волонтирале во граѓанскиот сектор (58.3%), за разлика од женските испитаници (35.1%) кои би волонтирале во приватниот сектор. (графикон 8.2)




графикон 8.2

На прашањето на каков начин би волонтирале, евидентно е дека организацијата на настани (29.5%) е најпривлечна за младите од Струмица, додека 16.2% би волонтирале преку менторство и помагање на луѓе и 12.4% би волонтирале во пишување на проекти. (графикон 9)

*На каков начин најверојатно би волонтирал/а?*




графикон 9

Во однос на тоа колку често би волонтирале, идентичен е процентот на испитаници кои би волонтирале неколку пати во годината и барем еднаш во неделата по (24.8%), а веднаш зад нив 20.0% од испитаниците одговориле дека би волонтирале неколку пати во месецот. Само еднаш/еднократно би волонтирале 15.2% од испитаниците. (графикон 10)

*Колку често волонтираш / би волонтирал/а?*




графикон 10

На крај од оваа секција младите беа запрашани кои се според нив очекувани придобивки од волонтирањето. Повторно имаме поделени мислење помеѓу младите, меѓутоа најголем дел од испитаниците (19.0%) одговориле дека овој процес ги шири нивните искуства во животот. За разлика од нив 17.1% одговориле дека им дава шанса да стекнуваат нови знаења/вештини и 16.2% кажале дека среќаваат луѓе и стекнуваат пријатели. (графикон 11)

*Според тебе, кои се очекувани придобивки од волонтирањето?*

графикон 11



# Предизвици во општината



### Квалитативна анализа

Младите се задоволни со животот во општина Струмица. Имено сите учесници ја посочија местоположбата на општината како позитивен фактор кој допринесува да имаат повеќе можности како млади лица. Останати позитивни работи се ноќниот живот, како и функционалноста на младинскиот центар. Доколку имаат можност половина од учесниците би се преселиле од општината.

Од друга страна пак, негативните аспекти односно работите кои им недостигаат на младите се подобар јавен градски превоз, особено во руралните средини и очекуваат решавање на овој проблем од страна на општината.

Дел од учесниците наведуваат дека незаинтересираноста на младите за вклучување во општествените текови е исто така проблем и според нив се потребни кампањи за мотивирање на младите да бидат вклучени во процесите на одлучување.

> Општина Струмица е една од ретките општини која се залага за младите и се труди тие да бидат вклучени во процесите, во изградба е младинскиот центар, би се сложила дека постои неинформираност кај младите, но тие не се ниту заинтересирани ниту имаат мотивација да учествуваат на настани

Женско, 22 години

### Квантитативна анализа

Преку квантитативното истражување младите беа прашани дали некогаш работеле индивидуално или во група за да решат некој проблем во нивната општина. Големо мнозинство 60.6% никогаш не работеле во група со цел решавање на некој проблем во општината, додека 20.6% работеле на ваков проблем, но не во последните 12 месеци. (графикон 12)

*Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?*




графикон 12

Во графиконот 12.2 можат да се согледаат процентуалните разлики во иницијативноста на младите индивидуално или во група да решат проблем во општината. Имено, во последните 12 месеци 37.0% од младите на возраст 15-19 години решавале некој проблем во општината, додека пак тој процент во останатите две возрасни категории изнесува само 11.5% односно 9.4%.

*Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?*




графикон 12.2

Во графиконот 13 можеме да го погледнеме мислењето на младите во однос на тоа колку се задоволни од општината во која живеат.

Според резултатите, околу една четвртина од нив (25.3%) делумно се задоволни од општината во која живеат, додека 24.7% се неутрални во однос на ова прашање.

графикон 13




Двете работи кои најмногу им се допаѓаат на младите во општина Струмица се парковите 33.3% и тоа што градот е центар за млади лица во регионот 21.7%. (графикон 14)




графикон 14

Во однос на двете работи кои младите сакаат да се променат во нивната општина, се издвојуваат загаденост на воздух (25.1%) и големиот број на казина во градот (18.2%). (графикон15)



графикон 15

Размислувајќи за кој е најголемиот проблем во општината, испитаниците се поделени во ставовите. 15.3% го издвојуваат загадувањето на животната средина. Следен проблем е алкохолизамот и наркоманијата со 13.5%. (графикон 16)

*Кој е најголемиот проблем во твојата општина?*



графикон 16

Во однос на проблемите во Струмица и што можат да направат младите за да ги решат, одговорите се следни. 33.5% сметаат дека делумно можат да направат нешто, 22.9% малку можат да направат нешто. Ист е процентот (22.9%) и на они кои сметаат дека не можат да направат ништо. (графикон 17)

*Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?*




графикон 17

На испитаниците им беа понудени две изјави како надополнување на претходното прашање. 51.2% сметаат дека подобрувањето на општеството е работа на други или на политичарите, а 48.8% велат дека имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто за да го подобрат општеството (графикон 18)




графикон 18

Двата најдобри начини за вклучување на младите од општината Струмица, во општествените текови се преку организирани јавни настани (25.9%) и преку социјалните мрежи (22.4%). (графикон 19)

### *Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?*




графикон 19

За крај на оваа секција младите беа запрашани дали би се отселиле од нивната општина и доколку да, каде би било тоа. 32.4% веројатно би се отселиле, а 28.8% веројатно не би се отселиле од општината. (графикон 20) Кога би можеле да одберат дали би се преселиле во друга општина или надвор од државата, огромен дел од испитаниците (81.8%) би се преселиле надвор од државата.

### *Дали доколку имаш можност би се отселил/а од твојата општина?*




графикон 20

Интересно е да се напомене дека според одговорите, може да се забележи различниот став кој го имаат младите по ова прашање. Младите на возраст 15-19 години во најголем процент (48.1%) веројатно би се отселиле од општината. Втората возрасна категорија 20-24 години, во најголем процент велат дека веројатно не би се отселиле (32.7%), додека пак младите на возраст 25-29 години се одлучни дека никогаш не би се отселиле од општината (40.6%) (графикон 20.2)

*Дали доколку имаш можност би се отселил/а од твојата општина?*




графикон 20.2

# Младински политики и застапување



## Квалитативна анализа

Младите од Струмица се доволно запознаени со поимот младинска политика. Речиси сите учесници сметаат дека овој термин е тесно поврзан со процесот на донесување на одлуки за младите за подобрување на нивниот живот. Слична е ситуацијата и за застапувањето на младите. Во моментов младите од Струмица сметаат дека нивните ставови и нивните потреби се канализираат преку соодветните институции и постои отвореност од страна на општината за решавање на проблемите со кои се соочуваат.

> Јас имам учествувано во неколку процеси на креирање на младински политики: национална стратегија за млади, групите за младинско учество и младинско информирање, земав учество и во изработка на локалната стратегија за млади која сеуште е во изработка, односно не е финализирана. Сметам дека сите овие процеси кои се важни за младите, беа поддржани од страна на општината

Женско, 19 години

## Квантитативна анализа

Во овој дел од истражувањето младите одговараа на прашања на тема донесувањето на младинските политики.

Најпрво, 80.6% од испитаниците не се запознаени со тоа што е младинска политика. Од оние кои одговориле дека знаат што е младинска политика, 42.4% навеле пример кој е поврзан со младинска политика. (графикон 21)




графикон 21

Понатаму, графикон 22 дава приказ на вклученоста на младите во носењето на одлуки во нивната заедница.

*Колку сметате дека лично сте вклучен/а во носењето одлуки во Вашата заедница?*




графикон 22

Околу една четвртина од испитаниците (26.5%) сметаат дека донекаде се вклучени во процесите на носење одлуки во општината, додека по 22.4% се неутрални и донекаде не се вклучени во носењето на одлуките на локално ниво.

Оние испитаници коишто сметаат дека воопшто не се вклучени во донесувањето на одлуките во општината Струмица, беа прашани поради што не се вклучени. 39.3% од испитаниците сметаат дека тоа е поради непостоењето електронски алатки за комуникација со општината. Од друга страна, 32.1% од испитаниците, велат дека невклученоста е поради недоволно време. (графикон 23)

*Поради што не сте вклучени?*




графикон 23

Испитаниците исто така беа прашани дали некогаш учествувале во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на општината Струмица. Повеќе од половина 53.5% од испитаниците одговориле дека никогаш немале можност да учествуваат во ваков процес. 28.2% имале можност, но не учествувале во ваков процес. (графикон 24)

*Дали некогаш си учествувал/а во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на твојата општина?*




графикон 24

Графикон 25 дава приказ на запознаеноста на младите од општината Струмица со работата на локалните власти и распределбата на буџетот. Најголем дел (38.2%) од испитаниците воопшто не се запознаени, а 28.8% делумно не се запознаени.

*Колку си запознаен/а со работата на локалните власти и распределбата на буџетот?*




графикон 25

Во однос на запознаеноста на младите околу Законот за младинско учество и младински политики, 59.5% од младите не се запознаени, а 40.6% одговориле дека се запознаени со овој Закон. (графикон 26)




графикон 26

На прашањето дали во општината има формирано совет за млади, согласно Законот на младинско учество и младински политики, речиси половина од младите (48.8%) не се информирани, додека 38.2% рекле дека не постои совет за млади во Струмица. (графикон 27)

*Дали во твојата општина има формирано совет за млади, согласно Законот за младинско учество и младински политики?*




графикон 27

И на последното во оваа секција дали согласно Законот за младинско учество и младински политики општината има одвоено буџет за тековната година, евидентно е дека најголем процент од младите не се информирани доволно (62.4%). Вкупниот процент на млади кои одговориле дека општината има одвоено буџет за тековната година изнесува 20.0% (графикон 28)

*Дали согласно Законот за младинско учество и младински политики општината има одвоено буџет за млади за тековната 2023година?*




графикон 28

# Предизвици на младите



### Квалитативна анализа

Младите од Струмица на темата предизвици како најприоритетен проблем го издвојуваат загадувањето на воздухот. Имено главниот заклучок е дека квалитетот на воздухот е многу низок и големиот број на возила во општината не придонесуваат за подобрување на оваа ситуција. Дел од учесниците сметаат дека и подигнувањето на еко свеста на луѓето треба да биде поголемо. Исто така дел од учесниците сметаат дека недостатокот на кино е предизвик на кој треба да се посвети внимание.

Како позитивен аспект се спомнуваат местоположбата и нивната поврзаност со други општини, како и инфраструктурата особено во урбаните делови..

На тема вработување и кариерно насочување, половина од младите сметаат дека постојат одредени напори за подобрување на нивната ситуација, но тие очекуваат поголеми можности за вработување и пракса во иднина. Тука се потенцира дека поради големиот број на кафулиња во општината, можноста за сезонска работа која носи финансии е работење како келнер во некое од овие кафулиња.

> Во однос на вработување, младите често работат во угостителство, се отвараат кафичи, а некои сектори како ИТ секторот се заборавени и треба да се посвети повеќе внимание во иднина

Машко, 18 години

## Квантитативна анализа

Приоритети на младите од Струмица во однос на неколку категории кои ги засегаат се:

Како два најголеми приоритети за вработување, испитаниците ги издвојуваат партизираноста и непотизмот 23.1% и немање на соодветни вештини и искуство 21.4%. (графикон 29)




графикон 29

Следна област за издвојување на два приоритети е инфраструктурата. Според испитаниците 18.2% сметаат дека небезбедноста во сообраќајот е најголем приоритет, како и преголемиот број на автомобили 17.9%. (графикон 30)




графикон 30

Приоритети за животната околина според младите се преголема загаденост на воздухот 19.3%, како и негрижа за уличните животни 18.7%. (графикон 31)




графикон 31

Како два приоритети за младинско учество според испитаниците од општина Струмица произлегуваат недостаток на настани и програми за вклучување на младите 19.0% и невклученост и недостаток на консултација со младите во работата на општината/локалната власт 18.8%. (графикон 32)




графикон 32

Од областа на културата и спортот се издвојуваат непостоење на културни манифестации за млади 39.0% како и немање на игралишта и сали за спортски активности 31.3%. (графикон 33)

Култура и спорт: ДВА приоритети




графикон 33

# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



## Квалитативна анализа

Впечатокот за отвореност и поддршка на општината за иницијативи кои доаѓаат од младите луѓе е дека младите не се доволни информирани и не знаат дали општината би поддржала ваква иницијатива.

Вклученоста на младите е најчесто преку образовните институции (основните и средните училишта). Она што е впечатливо за вклучување на младите на локално ниво е дека нивниот став и нивното мислење најчесто го прикажуваат преку социјалните мрежи, но тие сметаат дека нивното мислење и потребите треба да се канализираат на друг начин. Дел од нив велат и дека е тешко ако настапуваш индивидуално да добиеш некаква поддршка од страна на институциите.

> Како индивидуалец е многу тешко да се допре до институциите, прво е потребно групирање со истомисленици, спроведување анкета или истражување, исто така имаме службеник во општината можеме таму да се обратиме доколку имаме некој проблем

Женско, 19 години

## Квантитивна анализа

Испитаниците се со различни ставови на прашањето дали општина Струмица е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе. 62.4% одговориле дека не е отворена, а 37.6% одговориле дека општината е отворена за ваква иницијатива (графикон 34)




графикон 34

И на следното прашања во однос на дали сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе, испитаниците се со различни мислења. Имено 31.2% рекле дека општината ќе поддржи ваква иницијатива, а 68.8% рекле дека општина Струмица нема да поддржи ваква иницијатива (графикон 35)




графикон 35

# Демографски податоци за истражувањето во Струмица




*Етничка припадност*




*Возраст (категории)*



## *Последно завршено образование*




## *Занимање*




## *Населено место*






# Општина
# Велес

ВЕЛЕС

# Волонтирање и граѓански активизам



### Квалитативна анализа

Сите млади учесници од општина Велес биле вклучени во волонтерски активности. Имено секој од учесниците уште од средно училиште започнале со волонтирање. Најголем дел од нив волонтирале во граѓанскиот сектор. Исто така впечатливо е дека речиси сите учесници и во моментов се активни на полето волонтирање.

Во однос на придобивките се издојуваат стекнувањето на нови пријателства. Многу мал дел од учесниците сеуште не почуствувале некаков бенефит од процесот на волонтирање.

Две организации во кои учесници започнале да волонтираат се Црвен Крст и младинскиот центар во Велес.

Областите во кои биле вклучени низ овој процес се организација на настани и хуманитарни акции.

> Волонтирав во Црвен Крст пред 5/6 години, сега волонтирам во младинскиот центар кога имам повеќе слободно време. Стекнувам нови пријателства преку волонтирањето, разменуваме различни ставови и мислења

Женско, 22 години

## Квантитативна анализа

Според податоците добиени од онлајн анкетите, нешто повеќе од половина од испитаниците (51.2%) никогаш не биле вклучени во некоја организација или младински клуб. 29.8% од младите во општина Велес во моментов се вклучени, а 19.0% во моментов не се, но некогаш порано биле вклучени во организација или клуб. (графикон 1)

*Дали моментално си или некогаш си бил/а вклучен/а во некоја организација или клуб?*




графикон 1

Вкрстените податоци на ова прашање покажуваат различен степен на вклученост на младите во некоја организација или клуб. Најголем процент од испитаниците на возраст 15-19 години (47.1%) во моментов се вклучени. 59.3% од испитаниците на возраст 20-24 години никогаш не биле вклучени, додека пак процентот кај возрасната категорија 25-29 години која исто така никогаш не биле дел од организација или клуб е повеќе од половина (52.4%) (графикон 1.2)




графикон 1.2

Младите кои во моментов не се вклучени или никогаш не биле вклучени во некоја организација или клуб беа запрашани кои се главните причини поради тоа. Најголем дел од испитаниците рекле дека никогаш не помислиле на таа можност (34.7%). За разлика од нив една четвртина од испитаниците (24.6%) одговориле дека се занимаваат со други работи во нивното слободно време. Млади кои поради обврски на училиште/работа не се вклучиле се 21.2%. (графикон 2)




графикон 2

На прашањето дали некогаш учествувале во волонтерска работа или активност, одговорите се следни:

Половина од нив (51.2%) кажале дека некогаш имаат волонтирано, додека останатите (48.8%) никогаш досега немаат волонтирано. (графикон 3)




графикон 3

Од оние кои досега имаат волонтирано, најголем дел 36.0% започнале бидејќи другар/ка им предложиле да го сторат тоа, следни се оние кои биле заинтересирани за областа во која волонтирале (23.3%) и оние кои сакале да направат нешто ново во животот 12.8%. (графикон 4)

*Како започна да волонтираш?*




графикон 4

Најважна причина која ги мотивира младите од Велес да волонтираат, е дека сакаат да им помогнат на луѓето и да ги подобруваат работите (38.7%), додека пак 19.6% од испитаниците рекле дека чувствуваат дека имаат потреба во заедницита во која живеат. (графикон 5)

*Кои се причините што те мотивираат да волонтираш?*




графикон 5

Доколку имаат можност и време 39.9% веројатно е дека би волонтирале во заедницата, а исто така значително висок е и процентот (37.5%) коишто сигурно би волонтирале. (графикон 6)

*Ако не си волонтирал/а, а имаш можност и време, можеш ли да се замислиш како волонтер во заедницата?*




графикон 6

Три најпривлечни области за волонтирање за младите од Велес се: Работа со деца и млади надвор од училиште (26.2%), заштита на животната средина (20.8%) и образование (10.8%). (графикон 7)

## *Во која од наведените области волонтираш/би сакал да волонтираш?*

графикон 7




Најголем дел од младите во општина Велес (50.8%) би волонтирале во државниот сектор, потоа 43.8% би волонтирале во граѓански и 5.4% во приватен сектор. (графикон 8)

*Во кој сектор би волонтирал?*




графикон 8

Интересно е да се напомене дека според одговорите, може да се забележи различниот став на возрасната група 25-29 години во споредба со младите во категорија 15-19 години, односно 20-24 години. 70.2% од испитаниците на возраст од 25-29 години би волонтирале во државниот сектор, додека пак младите од останатите две категории би сакале да волонтираат во граѓанскиот сектор. (графикон 8.2)




графикон 8.2

Следно младите беа запрашани на каков начин тие би волонтирале. Евидентно е дека водење и учество во кампања (25.4%) е најпривлечна за младите од Велес. Следни две полиња од интересе се менторство и помагање на луѓе (24.6%) и организација на настани (15.4%). (графикон 9)

*На каков начин најверојатно би волонтирал/а?*




графикон 9

Младите за нивната честота на волонтирање ги даваат следните одговори. Најголем дел би волонтирале неколку пати во месецот (43.1%), потоа 30.8% од испитаниците одговориле дека би волонтирале барем еднаш во неделата. Неколку пати во годината би волонтирале 16.9% од испитаниците. (графикон 10)

*Колку често волонтираш / би волонтирал/а?*




графикон 10

Гледано низ призма на пол, женските испитаници се подготвени почесто да волонтираат, односно 39.7% од женските би волонтирале барем еднаш во неделата, за разлика од машките, кои што во најголем дел би волонтирале неколку пати во месецот. (50.0%) (графикон 10.2)




графикон 10.2

Последно прашања во оваа категорија е кои се според нив очекувани придобивки од волонтирањето. Речиси една третина од младите (27.7%) се задоволни кога ќе постигнат резултат/промена. 26.2% уживаат да помагаат и ги прави несебични и 18.5% и сметаат дека оваа активност ги шири нивните искуства. (графикон 11)

*Според тебе, кои се очекувани придобивки од волонтирањето?*




графикон 11

# Предизвици во општината



## Квалитативна анализа

Генерално, младите се задоволни со животот во општина Велес и најголем дел од младите би останале и понатаму да живеат во рамки на општината. Доколку би се преселиле тоа би било само надвор од државата. Од страна на младите се истакнува дека постојат паркови, но нивниот број треба да биде поголем. Како најголем проблем кој се истакнува се уличните кучиња, кои се застапени долж целата општина и младите сметаат дека општината треба да превземе конкретни чекори во насока на подобрување на оваа ситуцијата. Впечатливо е дека според младите овој проблем постои повеќе години.

Покрај уличните кучиња, половина од младите учесници го наведуваат и проблемот со ниското ниво на хигиена во градот и заштита на животната средина.

> Прв проблем се уличните кучиња и тука треба да се превземе одговорност од страна на општината, следен проблем заштита на животната средина
>
> Женско, 23 години

## Квантитативна анализа

Првото прашање во оваа категорија е дали некогаш работеле индивидуално или во група за да решат некој проблем во нивната општина. Речиси половина од младите 48.2% никогаш не работеле во група за решавање на некој проблем во општината, додека 29.8% работеле на ваков проблем, но тоа не било во последните 12 месеци. (графикон 12)

*Дали некогаш си работел/а индивидуално, со друг или во група за да решиш/те некој проблем во твојата општина?*




графикон 12

На прашањето колку се задоволни од општината во која живеат, одговорите на младите од Велес се прикажани во графикон 13.

Речиси половина од нив (44.0%) делумно се задоволни од општината во која живеат, додека 25.6% се неутрални по ова прашање.

*Генерално, колку си задоволен со општината во којашто живееш?*

графикон 13




За младите од Велес, местоположбата и езерото Младост се двете работи кои најмногу им се допаѓаат по 18.5%.




графикон 14

Согласно одговорите на младите две работи кои тие би ги промениле се: хигиена во 15.0% од случаите и загадување на воздух во 14.8% од случаите.




графикон 15

Убедливо најголем проблем за младите во општината, е слабата економија и невработеноста (38.1%). Следни два проблеми се недостаток за можности за млади луѓе 16.1% и алкохолизам и наркоманија 10.1%. (графикон 16)

*Кој е најголемиот проблем во твојата општина?*

графикон 16



Ставот на младите од Велес за проблемите и колку нивната лична вклученост може да допринесе за решавање е: 41.7% сметаат дека малку можат да направат нешто, додека 29.2% сметаат дека делумно можат да направат нешто. (графикон 17)

*Размислувајќи за проблемите во твојата општина, колку сметаш дека ТИ лично можеш да промениш, односно да направиш нешто за да ги решиш?*

графикон 17




При изборот помеѓу две изјави следствено на претходното прашање. 67.3% имаат лична одговорност да се ангажираат и да направат нешто за да го подобрат општеството, додека 32.7% сметаат дека подобрувањето на општеството е работа на други или на политичарите (графикон 18)




графикон 18

Три најдобри начини за вклучување на младите од Велес во сите општествените текови се преку редовна комуникација/состанок со градоначалник/совет (35.7%), преку организирање на јавни настани 26.8% и преку граѓанска организација 21.4%. Графикон 19

*Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?*




графикон 19

За средношколците најдобар начин за вклучување на младите во општината во општествените текови е преку социјални мрежи (38.9%) од случаевите, а за студентите најдобар начин е преку редовна комуникација/состанок со градоначалник/совет и преку организирани јавни настани, со застапеност од 24.4% од случаевите. Деталниот приказ на резултати се претставени на графикон 19.2

## *Кој е најдобриот начин да ги вклучиш младите во твојата општина во општествените текови?*

графикон 19.2



Младите беа запрашани дали би се отселиле од нивната општина и доколку да, каде би било тоа. Веројатно не би се отселиле 44.0%, а веројатно би се отселиле 25.6% Кога би можеле да одберат дали би се преселиле во друга општина или надвор од државата, најголем дел од испитаниците (86.3%) би се преселиле надвор од државата. (графикон 20)

*Дали доколку имаш можност би се отселил/а од твојата општина?*




графикон 20

Машките испитаници од општина Велес веројатно не би се отселиле од општината (60.2%), додека пак најголем дел од женските испитаници (34.1%) веројатно би се отселиле. (графикон 20.2)




графикон 20.2

# Младински политики и застапување



### Квалитативна анализа

Половина од младите учесници се запознаени со терминот младинска политика. Нивните очекувања се дека младите треба да бидат вклучени во општествените текови и во процесите на одлучување, особено на теми кои директно ги засегаат младите. Само еден од учесниците бил вклучен во носењето на одлуки и креирање на буџет кој е наменет за млади. Останатите учесници не биле вклучени и не се запознаени околу овој процес, дури помал дел од нив не се запознаени и дали воопшто постои буџет за млади во рамки на општината.

Сите млади учесници сакаат да бидат дел од овој процес и да допринесуваат за подобрување на работите.

> Постои службеник за млади, каде што младите можат да се обратат за своите потреби, освен што можат да се обратат кон младинскиот центар и локалниот младински совет.  Проблем е тоа што младите не се запознаени со постоењето на тој буџет
>
> Женско, 21 години

### Квантитативна анализа

Во оваа секција од истражувањето младите одговараа на прашања поврзани со нивната вклученост во донесувањето на младинските политики.

Дури 69.6% од младите не се запознаени со тоа што е младинска политика. Од оние пак кои одговориле дека знаат што е младинска политика, само 13.0% навеле пример кој е препознаен како младинска политика. (графикон 21)




графикон 21

На следното прашање во однос колку млади се вклучени во носењето на одлуки во нивната заедница, речиси една третина од испитаниците (31.5%) сметаат дека воопшто не се вклучени во процесите на носење одлуки во општината, додека само 4.2% сметаат дека целосно се вклучени во носењето на одлуките на локално ниво. (графикон 22)

*Колку сметате дека лично сте вклучен/а во носењето одлуки во Вашата заедница?*

графикон 22




Младите кои не се вклучени во носењето на одлуки, 60.4% сметаат дека тоа е поради непостоењето на механизам за соработка помеѓу граѓаните и општината. Додека, 20.8% од испитаниците, велат дека невклученоста е поради недоволно време. (графикон 23)

*Поради што не сте вклучени?*




графикон 23

Следно младите од Велес беа прашани дали некогаш учествувале во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на општината. Огромни 68.5% одговориле дека никогаш немале можност да учествуваат. (графикон 24)

*Дали некогаш си учествувал/а во подготовка на програма или буџет за млади во рамки на твојата општина?*




графикон 24

Повеќе од половина од младите 54.2% воопшто не се запознаени со распределбата на буџетот во Велес, додека 31.5% делумно се запознаени. (графикон 25)

*Колку си запознаен/а со работата на локалните власти и распределбата на буџетот?*




графикон 25

Во однос на нивната запознаеност со Закон за младинско учество и младински политики 58.9% одговориле дека не се запознаени, а 41.1% рекле дека се запознаени со постоење на овој Закон. (графикон 26)




графикон 26

63.1% исто така не се информирани, дали во општина Велес има формирано совет за млади согласно Закон за младинско учество, додека 36.3% рекле дека постои совет за млади во рамки на општината. (графикон 27)

*Дали во твојата општина има формирано совет за млади, согласно Законот за младинско учество и младински политики?*




графикон 27

Слично како и на претходното прашање, дали согласно Законот за младинско учество и младински политики општината има одвоено буџет за тековната година, евидентно е дека огромен процент од младите не се информирани доволно (71.4%). Оние кои одговориле дека општината има одвоено буџет за тековната година изнесува 28.0% (графикон 28)




графикон 28

# Предизвици на младите



## Квалитативна анализа

Само мал дел од учесниците се задоволни од она што во моментов го нуди општината на полето на вработување. Главните забелешки на оваа тема се недостатокот на пракса, недостатокот на квалификувани работни места, како и недостатокот на можности за младите особено во приватниот сектор. Помал дел од младите велат дека и партиските вработувања се проблем и преку нив се создава нееднаквост помеѓу нив. Младите од Велес сметаат и дека во рамки на општината недостигаат и катчиња за млади, како и простор каде младите можат да се изразат и да творат. Половина од учесниците даваат и забелешки во однос на немањето на културни и спортски настани кои се наменети токму за млади лица.

> Не се вреднува трудот, туку е битно од која партија доаѓаш. Некој професор работи додека е партијата од која доаѓа на власт, потоа доаѓа друг на негово место. Системот треба да биде пофер за нас младите

Машко, 15 години

## Квантитативна анализа

Во оваа секција младите издвојуваа два приоритети во однос на повеќе категории кои се поврзани со млади.

Од областа на вработување, испитаниците ги издвојуваат недостаток на работни места 38.4% и партизираност и непотизам 27.1%. (графикон 29)



графикон 29

Следна област за издвојување на два приоритети е инфраструктурата. 21.4% од испитаниците ја издвојуваат лошата инфраструктура на улиците, а 20.2% немање велосипедски и пешачки патеки како главни приоритети. (графикон 30)



графикон 30

Приоритети за животната околина според младите се отпад и загаденост на јавни површини (22.6%) и недоволен број на зелени површини 20.8%. (графикон 31)




графикон 31

Од областа на младинско учество според испитаниците од општина Велес произлегуваат недостаток од настани и програми за вклучување на младите 23.3% и немање информации за можности во 22.4% од случаите. (графикон 32)




графикон 32

Од областа на културата и спортот. Најголем приоритет е непостоење на културни манифестации за млади 47.1% како и непостоење на културен центар 29.5%. (графикон 33)




графикон 33

# Отвореност и поддршка на општините за иницијатива на млади



На темата околу поддршката на општината за иницијативите кои доаѓаат од млади луѓе, запознаеноста на младите е на ниско ниво. Речиси сите млади сметаат дека најсоодветен начин за ваква иницијатива е преку социјалните мрежи. Впечатливо е дека ниту еден од младите учесници не се обидел да поднесе иницијатива до општината за решавање на некој проблем кој е од интерес на младите. Само еден од учесниците бил индиректно вклучен и има одредени познавања на оваа тема во однос на заложбите на општината за поддршка на иницијативи за млади.

> Учествував на седницата на општината, буџетот се носи согласно потребите на младите, мислам дека се работи за сума околу 500.000 денари, но не знам дали и колку иницијативи се поддржани

Машко, 18 години

## Квантитивна анализа

Иницијативите од младите луѓе и нивната евентуална поддршка од страна на локалните власти е следна тема за набљудување во рамки на телефонското истражување.

Во општина Велес испитаниците се со различни ставови на прашањето дали општината е отворена за иницијативи кои доаѓаат од млади луѓе. Речиси две третини 65.5% одговориле дека е отворена, а 34.5% одговориле дека општината не е отворена за ваква иницијатива (графикон 34)




графикон 34

Слично како и на претходното прашање, дали младите сметаат дека општината финансиски би поддржала иницијатива од млади луѓе. Имено 58.9% рекле дека општината ќе поддржи ваква иницијатива, а 41.1% рекле дека општината нема да поддржи ваква иницијатива (графикон 35)




графикон 35

# Демографски податоци за истражувањето во Велес




*Етничка припадност*




*Возраст (категории)*



*Последно завршено образование*




*Занимање*




